РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СУ-01 бр. 11/19
25.02 2019 год.
ВЕЛЕС



# И З В Е Ш Т А Ј

**За работата на Основен суд Велес**

**за 2018 година**

## Вовед

Основен суд Велес во текот на 2018 година својата функција како првостепен стварно и месно надлежен суд со проширена надлежност, ја извршуваше согласно Законот за судовите.

Функцијата Претседател на судот во текот на 2018 година ја извршуваше судијата Александар Шопов.

Во текот на 2018 година за заменик на Претседателот на судот беше опредeлена судијата Лидија Димова.

Работата во Основен суд Велес беше организирана во два судски оддели: Кривичен и Граѓански судски оддел. На секој оддел од страна на Претседателот на судот беа определени претседатели на оддели и нивни заменици.

За Претседател на кривичен оддел беше определена судија Габриела Гајдова, а за заменик судија Снежана Николовска до 30.10.2018 година и судија Аница Теова од 31.10.2018 година до крајот на годината. За Претседател на граѓанскиот оддел беше определена судија Димова Лидија, а за заменик судија Валентина Петровска.

## РАБОТА НА СУДОТ

Податоците за примени и решени предмети во текот на 2018 година се прикажани во следните табели:

### 1. Предметно работење на ниво на суд

| нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.112** | **14.763** | **235** | **13** | **17.097** | **15.002** | **2.095** |

Во текот 2018 година судот успеал да го совлада приливот на предмети и да го намали остатокот на нерешени предмети за 17 предмети.

### 2. Судска управа

| Вид на предмети од уписник | нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ - СУ-07 | 3 | 10.813 | | 1.082 | 1.081 | 2 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | - | 18 | | 18 | 18 | |
| СУ-ИЗЗ | - | 57 | | 57 | 57 | |
| УПП | - | 6 | | 6 | 6 | |
| СПИ | - | 29 | | 29 | 29 | |
| **Вкупно** | **3** | **1.191** | | **1.194** | **1.192** | **2** |

Имајќи ги во предвид податоците од табелите во текот на 2018 година приливот на предмети од судската управа е совладан и е намален остатокот на нерешени предмети за 1 предмет.

### 3. Квалитет на предметите на ниво на суд

Податоците за квалитет на предметите на ниво на суд се дадени во следната табела:

| **решени предмети** | **потврдени** | | **укинати** | | **преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 4.525 | 628 | **13,9** | 148 | **3,3** | 61 | **1,3** |

Квалитетот е пресметан на вкупно решените (вклучувајќи ги и предметите повторно во работа) и тоа на потврдени, укинати и преиначени одлуки. Во решените предмети не се сметаат предметите по кои не е дозволен правен лек и тоа предметите од уписниците КИ, К-ООА, ОИД, К-ПП, КНЗД, УОСК, КУК, КП, ЕК, КР, ЗАМ-К, КУИКП, КУИКМ, ИКП, ИПРК, ИСАМ, ИОИП, ПЛ-П, ПЛ-ТС, ЗАВ, ЗАВ-Х, ПОМ, ЗАМ-С, ПЛЖ, ИДС, ПСО, О1, оставински предмети решени од нотари и оставински предмети решени од страна на судот по чл.165 од ЗВП, согласно Законот за судски совет.

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

### I. Кривичен оддел

Во Кривичниот оддел во текот на 2018 година се постапуваше по предмети кои произлегуваат од надлежноста на судот. Во текот на годината во кривичниот оддел по предметите постапуваа судиите Габриела Гајдова, Дејан Перчинковски, Шефшет Адеми, Снежана Николовска, Бојанчо Донев, Аница Теова и Емина Калач.

Податоците за бројот на примени и решени предмети во кривичниот оддел, по уписници, се прикажани во следната табела:

| | | Нерешени предмети | Новопри-мени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични претходна постапка | К-ООА | 9 | 51 | | | 60 | 54 | 6 |
| | К-ПП | 3 | 319 | | | 322 | 322 | |
| **Вкупно претходна постапка** | | **12** | **370** | | | **382** | **376** | **6** |
| | К | 235 | 309 | 51 | | 595 | 417 | 178 |
| Кривичен совет | КС | | 46 | | | 46 | 46 | |
| | КСП | | 104 | | | 104 | 104 | |
| | КС-КР | 14 | 514 | 10 | | 538 | 525 | 13 |
| | КУК | 1 | 8 | | 1 | 8 | 8 | |
| | КП | 1 | 26 | | | 27 | 24 | 3 |
| | К-ПОВ | 4 | 11 | 1 | | 16 | 16 | |
| | УО | 2 | 29 | 2 | | 33 | 30 | 3 |
| | ЕК | 5 | 6 | | | 11 | 4 | 7 |
| **Вкупно кривичен совет** | | **27** | **744** | **13** | **1** | **783** | **757** | **26** |
| ЗАМ-К | | 3 | 6 | | | 9 | 6 | 3 |
| КР | | | 5882 | | | 5882 | 5882 | |
| Кривични малолетни | КМ | 39 | 57 | | | 96 | 59 | 37 |
| | КРМ | 1 | 48 | | | 49 | 40 | 9 |
| | КСМ | 2 | 12 | | | 14 | 14 | |
| **Вкупно кривични малолетни** | | **42** | **117** | | | **159** | **113** | **46** |
| **Вкупно кривични предмети** | | **319** | **7428** | **64** | **1** | **7810** | **7551** | **259** |
| Прекршоци | ПРК-М | 56 | 170 | 1 | | 227 | 175 | 52 |
| | ПРК-Ј | 118 | 177 | 2 | | 297 | 184 | 113 |
| | ПРК-С | 319 | 1037 | 12 | | 1368 | 812 | 556 |
| | ПРК-О | 74 | 168 | 9 | | 251 | 147 | 104 |
| | ПРК-Р | 2 | 1 | | | 3 | 3 | |
| | ПРК-ПОВ | | 2 | | | 2 | 2 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно прекршочни предмети** | | **569** | **1555** | **24** | | **2148** | **1323** | **825** |
| Извршување на санкции | КУИКП | 61 | 99 | | | 160 | 103 | 57 |
| | КУИКМ | | 44 | | | 44 | 44 | |
| | ИКП | 81 | 194 | | | 275 | 215 | 60 |
| | ИПРК | 80 | 647 | | | 727 | 687 | 40 |
| | ИСАМ | 14 | 395 | | | 409 | 409 | |
| | ИОИП | 88 | 83 | | | 171 | 133 | 38 |
| | ПК | | 2 | | | 2 | 2 | |
| **Вкупно извршување санкции** | | **324** | **1464** | | | **1788** | **1593** | **195** |
| **Вкупно кривичен оддел** | | **1.212** | **10.447** | **88** | **1** | **11.746** | **10.467** | **1.279** |

Имајќи ги во предвид податоците од табелата и тоа вкупниот број на новопримени, повторно и погрешно заведени предмети, наспроти вкупниот број на решени предмети, на ниво на кривичен оддел приливот на предмети не е совладан и има зголемување на бројот на нерешени предмети за 67 предмети.

По видови на предмети, приливот не е совладан за само кај предметите од уписникот КРМ за 8 предмети и кај прекршочните предмети за 256 предмети. Ваквата состојба кај малолетничките предмети се должи на фактот што во голем број предмети постапката се одолговлекува заради недостапност на малолетниците, додека кај прекршочните предмети заради фактот што во втората половина од годината значително се зголеми приливот на предмети за сообраќајни прекршоци од МВР-СВР Велес така што вообичаениот месечен прилив во одредени месеци се зголеми за неколку пати.

## II. Граѓански оддел

Во граѓанскиот оддел во 2018 година се постапуваше по предмети кои произлегуваат од надлежноста на судот. Во текот на годината по предметите од граѓанскиот оддел постапуваа судиите Лидија Димова, Виолета Мојсова, Лорета Тодорова, Наташа Мишева, Биљана Јачева, Валентина Петровска, Валентина Ѓорѓиевска, Дара Арсова и Ангел Трипчев.

Податоците за бројот на примени и решени предмети во граѓанскиот оддел, по уписници, се прикажани во следната табела:

| | | Нерешени предмети | Ново-примени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Парнични предмети | П1 | 31 | 50 | 14 | | 95 | 66 | 29 |
| | П3 | 10 | 5 | 4 | | 19 | 16 | 3 |
| | П4 | 24 | 51 | 18 | | 93 | 58 | 35 |
| | П5 | 8 | 5 | 3 | | 16 | 16 | |
| | П2 | 42 | 186 | 6 | | 234 | 176 | 58 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | РО | 74 | 124 | 13 | 1 | 210 | 167 | 43 |
| | МАЛВ-П | 64 | 249 | 25 | | 338 | 287 | 51 |
| | МАЛВПЛ1-П | 8 | 22 | 5 | | 35 | 33 | 2 |
| | ПЛ1-П | | 1 | | | 1 | 1 | |
| **Вкупно парнични предмети** | | **261** | **693** | **88** | **1** | **1041** | **820** | **221** |
| Трговски предмети | ТС | 13 | 16 | 4 | | 33 | 26 | 7 |
| | ТС1 | 16 | 35 | 10 | | 61 | 33 | 28 |
| | МАЛВ-ТС | 10 | 63 | 1 | | 74 | 57 | 17 |
| | МАЛВПЛ1-ТС | 98 | 296 | 6 | | 400 | 349 | 51 |
| | ПЛ1-ТС | 48 | 83 | 9 | | 140 | 105 | 35 |
| | ПЛ-ТС | | 2 | | | 2 | 2 | |
| | СТ | 80 | 223 | 1 | | 304 | 241 | 63 |
| | СТ-МАЛВТС | 17 | 10 | | 10 | 17 | 17 | |
| | СТ-П1 | 1 | | | | 1 | 1 | |
| | СТ-П4 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 1 | |
| | СТ-ПЛ1-ТС | | 4 | | | 4 | 1 | 3 |
| | СТ-РО | | 8 | 2 | | 10 | 8 | 2 |
| | СТ-ТС | 27 | 90 | 2 | | 119 | 102 | 17 |
| | Л | 3 | 1 | 1 | | 5 | 4 | 1 |
| **Вкупно трговски предмети** | | **314** | **832** | **36** | **11** | **1171** | **947** | **224** |
| ПЛЖ | | | 4 | | | 4 | 3 | 1 |
| РП | | | 5 | | | 5 | 5 | |
| ППОВ | | | | 1 | | 1 | 1 | |
| Извршувања | ППНИ | 5 | 54 | 5 | | 64 | 64 | |
| | ИДС | | 1 | | | 1 | 1 | |
| | ПИ | 1 | 3 | 2 | | 6 | 5 | 1 |
| **Вкупно извршувања** | | **6** | **58** | **7** | | **71** | **70** | **1** |
| Оставински и вонпроцесни предмети | ВПП | 11 | 20 | 2 | | 33 | 25 | 8 |
| | ВПП1 | 11 | 19 | 4 | | 34 | 23 | 11 |
| | ВПП2 | 2 | 47 | 7 | | 56 | 51 | 5 |
| | РВПП | | 6 | | | 6 | 3 | 3 |
| | ОДС | 6 | 5 | | | 11 | 9 | 2 |
| | О | 1 | 305 | 2 | | 308 | 306 | 2 |
| | ПСО | 2 | 18 | | | 20 | 20 | |
| | ЗАВ-Х | | 1692 | | | 1692 | 1692 | |
| | ЗАВ | | 21 | | | 21 | 21 | |
| | ПОМ | 1 | 2 | | | 3 | 3 | |
| | ЗАМ-С | 10 | 23 | | | 33 | 26 | 7 |
| **Вкупно вонпроцесни** | | **44** | **2158** | **15** | | **2217** | **2179** | **38** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **предмети** | | | | | | | |
| Нотари О | 275 | 566 | | | 841 | 510 | 331 |
| **Вкупно граѓански оддел** | **900** | **4.316** | **147** | **12** | **5.351** | **4.535** | **816** |

Имајќи ги во предвид податоците од табелата и тоа вкупниот број на новопримени, повторно и погрешно заведени предмети, наспроти вкупниот број на решени предмети, на ниво на граѓански оддел приливот на предмети е совладан и намален е остатокот на нерешени предмети за 84 предмети.

По видови предмети приливот на предмети не е совладан само кај предметите од уписниците П4 за 11 предмети, П2 за 16 предмети, ТС1 за 12 предмети, МАЛВПЛ1-ТС за 7 предмети, ВПП2 за 3 предмети, РВПП за 3 предмети и кај предметите кои произлегуваат од стечајни постапки од уписниците СТ-РО и СТ-ПЛ1-ТС кои се примени во текот на годината.

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддел

### I. Кривичен оддел

Квалитетот на предметите во кривичниот оддел е пресметан на вкупно решените предмети (вклучувајќи ги и предметите повторно во работа) и тоа на потврдени, укинати и преиначени одлуки. Во решените предмети не се сметаат предметите по кои не е дозволен правен лек и тоа, од уписниците КИ, К-ООА, ОИД, К-ПП, КНЗД, УОСК, КУК, КП, ЕК, КР, ЗАМ-К, КУИКП, КУИКМ, ИКП, ИПРК, ИСАМ и ИОИП, а согласно одредбите за утврдување на квалитетот на пресудување содржани во Законот за судскиот совет на РМ.

| Вид на предмет | Решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | % | број | % | број | % |
| К | 417 | 91 | **21,8** | 38 | **9,1** | 15 | **3,6** |
| КМ | 59 | 1 | **1,7** | - | | - | |
| КС | 46 | 16 | **34,8** | - | | 1 | **2,2** |
| КСП | 104 | 38 | **36,5** | - | | 3 | **2,9** |
| КС-КР | 525 | 18 | **3,4** | 4 | **0,8** | 3 | **0,6** |
| К-ПОВ | 16 | 3 | **18,8** | 1 | **6,3** | 1 | **6,3** |
| УО | 30 | 4 | **13,3** | 2 | **6,7** | 1 | **3,3** |
| КСМ | 14 | - | | - | | - | |
| КРМ | 40 | - | | - | | - | |
| ПРК-М | 175 | 1 | **0,6** | 1 | **0,6** | - | |
| ПРК-Ј | 184 | 14 | **7,6** | 2 | **1,1** | 1 | **0,5** |
| ПРК-С | 812 | 31 | **3,8** | 11 | **1,4** | 7 | **0,9** |
| ПРК-О | 147 | 7 | **4,8** | 8 | **5,4** | 1 | **0,7** |
| ПРК-Р | 3 | 1 | **33,3** | - | | - | |
| ПРК-ПОВ | 2 | - | | - | | - | |
| **Вкупно Кривичен оддел** | **2.574** | **225** | **8,7** | **67** | **2,6** | **33** | **1,3** |

## II. Граѓански оддел

Квалитетот на предметите од граѓанскиот оддел е пресметан на вкупно решените предмети (вклучувајќи ги и предметите повторно во работа) и тоа на потврдени, укинати и преиначени одлуки. Во решените предмети не се сметаат предметите по кои не е дозволен правен лек и тоа, предметите од уписниците ПЛ-П, ПЛ-ТС, ЗАВ, ЗАВ-Х, ПОМ, ЗАМ-С, ПЛЖ, ИДС, ПСО, О1, оставински предмети решени од нотари и оставински предмети решени од страна на судот по чл.165 од ЗВП, а согласно одредбите за утврдување на квалитетот на пресудување содржани во Законот за судскиот совет на РМ.

| Вид на предмет | Решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | % | број | % | број | % |
| П1 | 66 | 24 | **36,4** | 10 | **15,2** | 5 | **7,6** |
| П2 | 176 | 11 | **6,3** | 1 | **0,6** | - | |
| П3 | 16 | 4 | **25,0** | 2 | **12,5** | - | |
| П4 | 58 | 33 | **56,9** | 10 | **17,2** | 2 | **3,4** |
| П5 | 16 | 5 | **31,3** | 2 | **12,5** | 1 | **6,3** |
| РО | 167 | 47 | **28,1** | 6 | **3,6** | 3 | **1,8** |
| МАЛВП | 287 | 39 | **13,6** | 14 | **4,9** | 1 | **0,3** |
| МАЛВПЛ1-П | 33 | 14 | **42,4** | 4 | **12,1** | 1 | **3,0** |
| ПЛ1-П | 1 | 1 | **100** | - | | - | |
| ТС | 26 | 11 | **42,3** | - | | 4 | **15,4** |
| ТС1 | 33 | 13 | **39,4** | 2 | **6,1** | 1 | **3,0** |
| МАЛВТС | 57 | 7 | **12,3** | 1 | **1,8** | 2 | **3,5** |
| МАЛВПЛ1-ТС | 349 | 69 | **19,8** | 5 | **1,4** | 2 | **0,6** |
| ПЛ1-ТС | 105 | 42 | **40,0** | 6 | **5,7** | 3 | **2,9** |
| СТ | 241 | 1 | **0,4** | - | | - | |
| СТ-МАЛТС | 17 | 16 | **94,1** | - | | - | |
| СТ-П1 | 1 | - | | - | | - | |
| СТ-П4 | 1 | - | | - | | - | |
| СТ-ПЛ1-ТС | 1 | 1 | **100** | - | | - | |
| СТ-РО | 8 | 2 | **25,0** | 1 | **12,5** | - | |
| СТ-ТС | 102 | 28 | **27,5** | - | | 1 | **1,0** |
| Л | 4 | 1 | **25,0** | 1 | **25,0** | - | |
| ВПП | 25 | 1 | **4,0** | 1 | **4,0** | 1 | **4,0** |
| ВПП1 | 23 | 2 | **8,7** | 3 | **13,0** | - | |
| ВПП2 | 51 | 7 | **13,7** | 6 | **11,8** | 1 | **2,0** |
| ОДС | 9 | - | | - | | - | |
| РВПП | 3 | 1 | **33,3** | - | | - | |
| ППНИ | 64 | 21 | **32,8** | 5 | **7,8** | - | |
| ПИ | 5 | - | | - | | - | |
| ППОВ, МВПОВ, ПЛПОВ | 1 | - | | 1 | **100** | - | |
| РП, РПЛ, РТС | 5 | 2 | **40,0** | - | | - | |
| **Вкупно Граѓански оддел** | **1.951** | **403** | **20,7** | **81** | **4,2** | **28** | **1,4** |

## 6. Состојба со стари предмети

### I. Стари предмети на ниво на суд

Состојбата со старите предмети на ниво на суд во 2018 година, во кои се вклучени и оставинските предмети по кои постапуваат нотарите, е следна:

| | нерешени на почетокот на годината | примени предмети | вкупно во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| предмети по кои постапувал судот | 106 | 204 | 310 | 203 | 107 |
| оставински предмети по кои постапувале нотари | 18 | 32 | 50 | 20 | 30 |
| **Вкупно** | **124** | **236** | **360** | **223** | **137** |

Во текот на 2018 година на ниво на суд приливот на стари предмети не совладан и за 13 стари предмети од кои, 1 стар предмет во надлежност на судот и 12 стари оставински предмети во надлежност на нотарите.

Постојат повеќе објективни причини кои придонесуваат за ваквата состојба со старите предмети и тоа:
- во случај на спојување на стечајни предмети и водење на единствена стечајна постапка, во АКМИС нереално се прикажува дека повеќе предмети се стари, иако судот води само една стечајна постапка над еден ист стечаен должник. На овој начин вкупно 11 стечајни предмети кои заклучно со 31.12.2018 година биле споени кон друг предмет всушност не се посебни стечајни постапки, што доведува до нереални податоци во однос на фактичката состојба на стари предмети во судот;
- кај кривичните предмети постојат голем број на стари предмети кои можат без одлагање да се завршат доколку КПД Идризово редовно би постапувал по наредбите за спровод, а исто така по стариот ЗКП предметите се укинуваат повеќе пати без да се преиначат од повисокиот суд;
- кај завршените стечајни предмети, во случај на дополнително пронајден имот се формира нов предмет, но бидејќи истиот во АКМИС се надоврзува кон стариот стечаен предмет, новиот предмет евидира дека е повеќе години стар предмет, што е нереално во услови кога стечајната постапка одамна била спроведена и правосилно заклучена од судот;
- кај предлозите за повторување на постапката, нереално на судијата се води дека има стар предмет во работа, иако предметот одамна бил правосилно решен во сите инстанци;
- во прекршочните предмети, причина за постоење на стари предмети е и фактот што жалбената постапка пред повисокиот суд по овие предмети трае подолго време, така што во случај одлуката да се укине предметот се враќа како стар предмет, но таквото својство предметот фактички го стекнал за време на жалбената постапка, а не пред првостепениот суд;
- кај оставинските предмети по кои постапуваат нотарите, застојот во решавањето се должи на новите одредби од Законот за нотаријат каде е предвидено задолжително учество на адвокат за секоја од странките во постапката, што ја обременува постапката на товар на странките и допринесува до одлагање на постапките по овие предмети.

## II. Кривичен оддел

Податоци за стари предмети на ниво на кривичен оддел се прикажани во следната табела:

| **Вид на предмет** | **Останати нерешени** | **Новопримени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Останати нерешени** |
|---|---|---|---|---|---|
| К | 21 | 33 | 54 | 34 | 20 |
| ЕК | 1 | - | 1 | 1 | - |
| КМ | - | 6 | 6 | 1 | 5 |
| ПРК-Ј, ПРК-С, ПРК-О | 25 | 39 | 64 | 53 | 11 |
| ИКП | - | 5 | 5 | 5 | - |
| КУИКП | 22 | 9 | 31 | 12 | 19 |
| ИОИП | - | 12 | 12 | 12 | - |
| **Вкупно** | **69** | **104** | **173** | **118** | **55** |

Имајќи ги во предвид податоците од табелата за стари предмети, на ниво на кривичен оддел кај сите предмети приливот на стари предмети е совладан и е намален остатокот на нерешени стари предмети за 14 предмети.

## III. Граѓански оддел

Податоци за стари предмети на ниво на граѓански оддел се прикажани во следната табела:

| Вид на предмет | Останати нерешени | Новопримени | Вкупно во работа | Решени | Останати нерешени |
|---|---|---|---|---|---|
| П1 | 4 | 13 | 17 | 14 | 3 |
| П2 | - | 2 | 2 | 1 | 1 |
| П4 | 4 | 13 | 17 | 14 | 3 |
| РО | 2 | 8 | 10 | 10 | - |
| МАЛВ | 3 | 7 | 10 | 9 | 1 |
| ПЛ1-П и ПЛ1-ТС | 5 | 7 | 12 | 9 | 3 |
| ТС и ТС1 | 3 | 10 | 13 | 8 | 5 |
| СТ | 12 | 26 | 38 | 10 | 28 |
| Л | - | 2 | 2 | 1 | 1 |
| ВПП1 | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 |
| ВПП | 1 | 4 | 5 | 3 | 2 |
| ПИ | - | 2 | 2 | 2 | - |
| СТ-П1, СТ-РО | - | 3 | 3 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **37** | **100** | **137** | **85** | **52** |

Имајќи ги во предвид податоците од табелата за стари предмети на ниво на граѓански оддел, приливот на новопримени стари предмети не е совладан за 15 стари предмети.

Причините за ваквата состојба се образложени во точка 6.I.

## 7. Просторни капацитети, опременост и одржување на зградата на судот

Зградата на Основен суд Велес е во добра состојба и истата е комплетно реновирана. Сите простории се опремени со нов мебел, а реновирани се и архивите во кои се сместени нови метални плакари. Во архивите се поставени подни плочки и метални ормани, но во ходникот не се поставени плочки.

Секоја просторија во судот има клима-уред, судниците се модерно опремени и во три судници е инсталиран систем за тонско снимање.

Судиите и судската администрација своите работи и работни задачи ги извршуваат во просторни услови кои ги задоволуваат стандардите, односно канцелариите се опремени со потребен мебел и клима уред. Секој судија има своја канцеларија, а стручните судски службеници се сместени во канцеларии и тоа по 2 службеници во една канцеларија. Шалтерите се опремени со мебел и опрема која ги задоволува потребите на службениците кои работат во истите. Исто така и дактилографите се сместени во простории со мебел кои ги задоволува нивните потреби и има компјутери и печатари кои придонесуваат за поажурно постапување по предметите во делот на администрирање со предметите.

Рочиштата по предметите се одржуваа во осум опремени судници. Во канцелариите рочишта одржуваа само судиите на претходна постапка и судиите кои постапуваат по прекршочни предмети.

За безбедносната состојба на зградата, вработените и предметите во судот се грижи судската полиција и тоа, еден командир на судската полиција и шест судски полицајци ја обезбедуваат зградата во текот на 24 часа. Обезбедувањето се вршеше и преку метал-детектор врата и 12 видео-камери. Заради подобро обезбедување на зградата во која работи судот, потребно е доопремување на судот со видео-камери (во и надвор од зградата), а исто така е потребна набавка на скенер-апарат. Потребата за набавка на видео-камери и скенер-апаратот е доставена како барање за капитални инвестиции со буџетот за 2019 година, а од страна на Судскиот буџетски совет одобрена е само набавка на видео-камери која во овој момент е во тек.

Предметите по кои постапува судот се чуваат кај судиите или во судските писарници во ормани кои на крајот од работното време се заклучуваат. Предметите кои се архивирани се чуваат во архивите сместени во подрумските простории и истите се сместени во метални ормани.

Во судот има доволен број на противпожарни апарати и хидро систем за гасење на пожари кои се одржуваат согласно стандардите.

## 8. Информатичка технологија

Информатичката технологија во судот се користи од страна на судиите и судските службеници во сите фази на постапката.

Информатичката опрема со која располага судот ги задоволува потребите на судот и овозможува целосна примена на Судскиот деловник во однос на скенирање на поднесоците и формирање на електронско досие на предметот.

Во текот на 2018 година се вршеше скенирање на сите иницијални акти и поднесоци, со што се формира електронско досие на предметите.

Извештаите за работата на судот и за работата на судиите, се изготвуваа на Апликација за извештаи, а врз основа на податоци од програмот АКМИС. Во однос на евиденцијата на примени и решени предмети, се постапуваше согласно Судскиот деловник и упатствата на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите.

Во судот во целост се користи електронската достава преку која до странките корисници на електронско сандаче се доставуваат скенираните иницијални акти, како и актите изготвени од страна на судот. Со електронската достава зголемена е ефикасноста и ажурноста при доставувањето на писмената, а од друга страна се намалуваат трошоците за пошта.

Судиите, дактилографите, судските службеници во писарниците и стручните судски службеници, работните задачи ги извршуваа на компјутери, со тоа што секој има свој компјутер. Сите компјутери инсталирани во канцелариите на судиите и стручните судски службеници имаат пристап на интернет.

Во текот на годината активно се ажурираше веб страницата на судот на која покрај календарот на судења, се објавуваа и судските одлуки согласно законската обврска на судот, како и соопштенија за јавноста.

Писмената комуникација помеѓу Канцеларијата на Претседателот на судот и судиите во текот на 2018 година се одвиваше по електронски пат, преку службени e-mail адреси.

Целокупната евиденција и сите извештаи се водат и креираат единствено преку програмот АКМИС. Програмот АКМИС во текот на досегашното применување со надградбата и усвоените предлози за подобрување на неговото работење, покажа позитивни ефекти. Единствен проблем со кој се соочува судот е недостатокот на човечки ресурси, посебно во делот на постапувањето со информатичката технологија од причина што софтверот, одржувањето на компјутерите, печатарите, како и опремата за тонско снимање ја врши еден судски службеник Советник-информатичар. Истиот судски службеник работи и на креирање на извештаи преку програмот АКМИС, како и во обука и давање на помош на судиите и вработените во текот на работното време при постапувањето со предметите во програмот АКМИС.

Комуникацијата во делот на техничките проблеми кои се јавуваат во врска со програмот АКМИС е со фирмата ЕДУСОФТ.

Во судот се користи и апликација за тонско снимање на рочишта „СРС ФЕМИДА“ која е инсталирана во три судници и се користи од страна на судиите од граѓанскиот оддел кои постапуваат по предмети согласно Законот за парничната постапка.

Сметководственото работење во судот се врши преку АБМС системот во кој се води и магацинското работење. Информатичарот од судот е вклучен и во давање помош при работењето и во овој систем.

Заради спроведување на проектот „Диференцирано управување со судските предмети“ за кој Основен суд Велес од 2015 година е пилот-суд, програмот АКМИС е надограден со тоа што се определени четири патеки во кои судиите ги распоредуваат предметите од граѓанска област согласно Упатство на УСАИД –Проектот за јакнење на судството. Спроведувањето на овој проект успешно продолжи и во текот на 2018 година за што до Судскиот совет на РМ се доставуваат периодични извештаи.

Од буџетските средства на судот во текот на годината се изврши и набавка на нов фотокопир, 1 мрежен печатач, 10 персонални комјутери и 4 принтери кои се распоредија соодветно на потребите на судската администрација.

Одржувањето на печатарите во текот на 2018 година се вршеше со нивно сервисирање и поправки.

**9. Човечки ресурси**

Со одлука на Судскиот совет на РМ од 26.11.2015 година, утврдено е судиската функција во Основен суд Велес да ја извршуваат 18 судии.

Сметано од почетокот на 2018 година пополнети беа 17 судиски места, а едно судиско место беше упразнето. Исто така, еден судија од почетокот на годината до 10.04.2018 година користеше отсуство заради боледување.

На ден 30.10.2018 година поради исполнување на услови за пензија престана судиската функција на еден судија, така што до крајот на годината судиската функција во судот ја извршуваа 16 судии вклучувајќи го и претседателот на судот.

Во поглед на состојбата со вработени судски службеници, припадници на судска полиција и вршители на технички работи, согласно со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Велес предвидени се вкупно 116 работни места, а заклучно со 31.12.2018 година пополнети беа вкупно 55 работни места на неопределено работно време и 4 работни места на определено работно време.

Работата на судските службеници во рамки на одделите беше организирана во судски писарници.

Во приемната писарница работеа двајца судски службеници. На еден судски службеник во месец декември поради исполнување на услови за пензија му престана работниот однос.

Во рамките на Кривичниот оддел, во кривичната писарница беше распореден еден судски службеник кој постапуваше по кривични предмети против пололетни лица, по предмети од уписникот КР кои се однесуваат на издавање на уверенија и ја водеше казнената евиденција, еден судски службеник постапуваше по предмети од претходна постапка, предмети од кривичен совет, предмети против малолетни лица и по прекршочни предмети. По предметите извршување на санкции постапуваше еден судски службеник кој ги водеше Контролниците за наплата на парична казна, трошоци и паушал. Во прекршочната писарница работеа двајца судски службеници. Еден судски службеник работеше на скенирање на иницијални акти и поднесоци и на евиденција на вратените доставици во АКМИС.

Во рамките на Граѓанскиот оддел, во граѓанската писарница беа распоредени двајца судски службеници, во писарницата за трговски спорови беше распореден еден судски службеник, во писарницата за платни налози и оставински и вонпарнични предмети беа распоредени двајца судски службеници. Еден судски службеник работеше на скенирање на иницијални акти и поднесоци и на евиденција на вратените доставици во АКМИС. На еден судски службеник во месец ноември поради исполнување на услови за пензија му престана работниот однос.

Во текот на годината по предметите се постапуваше согласно Судскиот деловник и Внатрешните процедури за одделни процеси при управувањето со движењето на предметите и во судот немаше застој во движењето на предметите.

Кај секој судија имаше распоредено стручен судски службеник и тоа, во зависност од бројот на предмети по кои постапуваше судијата, имаше распоредено еден стручен судски службеник на судија или еден стручен судски службеник беше распореден да работи кај двајца судии.

Кај секој судија имаше распоредено судски референт-дактилограф.

Во текот на годината доставата ја вршеа 7 доставувачи кои вршеа достава на писмена како за овој суд, така и за други судови. Во месец јуни поради исполнување на услови за старосна пензија на еден доставувач му престана работниот однос, а во месец септември поради исполнување на услови за инвалидска пензија на еден доставувач исто така му престана работниот однос.

На ден 05.02.2018 година на определено работно време до 31.12.2018 год. беа вработени четири судски службеници кои беа распоредени на работа во судските писарници и како дактилографи кај судија.

Претседател на судот
Александар Шопов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
ВЕЛЕС